ОПШТИНА КИЧЕВО



# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2024-2028

# Содржина

Предговор од градоначалникот ....................................................................................3

1. Извршно резиме ....................................................................................................4

2. Листа на кратенки....................................................................................................5

3. Вовед во стратегијата ...............................................................................................6

4. Локална економска анализа ......................................................................................7

4.1. Анализа на локалната економска структура.............................................................7

4.2. Локална соработка и вмрежување.........................................................................11

4.3. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција .............12

4.4. Пристап до финансии ..............................................................................................13

4.5. Земјиште и инфраструктура......................................................................................14

4.6. Регулаторна и институционална рамка....................................................................15

4.7. Вештини, човечки ресурси, инклузивност ................................................................17

4.8. Надворешно позиционирање и маркетинг ..............................................................18

5. SWOT Анализа.........................................................................................................20

6. Визија и стратешки цели...........................................................................................22

7. Акциски план............................................................................................................28

8. Шема на финансирање .............................................................................................29

# ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Општина Кичево се фокусира на нов циклус на одржлив економски развој базиран на детален процес на приспособување и усвојување на мерките за подобрување на конкуретноста и бизнис опкружувањето.

Нашата цел е подобрување на конкуретноста на локалната економија преку промоција на бизнис климата, потикнување на регионалните партнерства и зголемување на домашните и странските инвестиции. Кичево нуди поволна и безбедна економска клима и постојат можности за инвестирање во различни сектори.

Со овој проект се врши ажурирање на дел од податоците од претходните Стратегии за локален развој на поранешните општините: Другово, Вранештица, Зајас и Осломеј, до 2009 година, но се дефинираат и планираат приоритетите кои произлегуваат од современите потреби за економски развој.

Оваа стратегија ја подготвивме со помош на Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД, преку вклученоста во проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“. Со оваа нова стратегија внесуваме еден нов пристап на ревидирање на старите стратегии, вклучувајчи ги сите релеватни чинители во заедницаата кои даваат свој придонес со нови активности и реални проекти за една поинаква и подобра економска слика за општината.

Преку имплементација на стратегијата ќе се реализираат голем број на проекти во насока на подобрување и развој на локалната економија.

Фатмир Дехари
Градоначалник на општина Кичево

# 1. Извршно резиме

Општина Кичево е една од општини кои се вклучени во групата на  локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД, за што Меморандумот за соработка беше потпишан од двете страни во 2023 година.  Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Стратегиите за локален економски развој.

Стратегијата за ЛЕР на Општина Кичево се однесува на четиригодишен период од 2024 до 2028 година и е самостоен стратешки документ кој е насочен кон локален економски развој, да се подобри економската слика во општината и да се спроведат реални прокети произлезени од сите чинители како што се бизнис секторот, образовните институции, граѓанскиот сектор, јавни институции итн.

Работниот тим од одделението за Локален економски развој од општина Кичево беа задолжени за изработка на Стратегијата. Со претседателот на ЛЕСС, на чија иницијатива за потребите на изработката на стратегијата беше одржана средба вклучувајчи ги сите чинители: од регионална стопанска комора, синдикатите, организација на работодавачите, образовни институциии, граѓанскиот сектор, бинзис секторот и младите, кои сите активно учествуваа во квалитетната изработка, обезбедувајќи релевантни податоци, а со тоа давајќи јасна слика на состојбата со локалната економија, преку која може да се креира визија за економскиот напредок, со сите јаки и слаби страни, како и можности и закани. Беа воспоставени контакти и со сите институции кои обезбедуваат релевантни податоци - Агенција за вработување, Завод за статистика, Централен регистар итн.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој направена е анализа на локалната економија и изготвена е SWOT анализа на општината, дефинирана е визијата, стратешките цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности. Визијата која сакаме да ја исполниме ќе се оствари преку поставените стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди Општина Кичево, акциониот план со предложени активности но секако и од направената SWOT анализа. Со оваа стратегија  ќе се унапреди стратешкото планирање и инклузивноста на граѓаните, здруженијата, бизнис секторот, што значи создадени можности за подобрување на економските параметри во општината, што директно ќе значи и унапредување на транспарентноста и создавањето подобар квалитет на условите за живеење во општината.

## 2. Листа на кратенки

ЛЕР – Локален економски развој

РСК – Регионална стопанска комора

ЦРЈЗПР – Центар за развој на Југозападен плански регион

МСП – Мали и средни претпријатија

ЕЛС – Единици на локалната самоуправа

НВО – Невладини организации

ЕУ – Европска унија

ЛЕСС – Локален економско социјален совет

ИТ – Информатичка технологија

БДП – Бруто домашен производ

УСАИД – Американската агенција за меѓународен развој

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

ЦР – Централен регистар

ЈПП – Јавно приватно партнерство

ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки

ИПАРД – Програма за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој

ТИРЗ – Технолошки Индустриска развојна зона

ДЗС – Државен Завод за статистика

ДУП – Детален урбанистички план

ЈКПК – Јавно комунално претпријатие Комуналец

ЛАГ – Локално акциона група

СВОТ/SWOT – S-силни и W-слаби страни и О-можности и Т-закани

ИПА ЦБЦ - Програма за прекугранична соработка

БРР – Биро за регионален развој

АФПЗРР - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

## 3. Вовед во стратегијата

Општина Кичево, покажа интерес за Проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ , а Меморандумот за соработка беше потпишан од двете страни во 2023 година.

Градот Кичево се наоѓа во Западна Македонија, на оддалеченост од околу 110 км од главниот град Скопје. Поради централната местоложба во западниот делна Македонија, Кичево претставува патнакрстосница која води кон четириправци. Со Скопје градотсе поврзува со магистралниотпат Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје. Друг правец води кон Охридско-струшкиот туристички регион, третиотправец води кон Битола, а четвртиот кон Прилеп.Општина Кичево е оддалечен 54 км од аеродром Свети Апостол Павле, Охрид и139 км од аеродромот Александар Велики, Скопје. Најблиските пристаништа оддалечениод Општина Кичево се само на 222 км во Драч, Албанија и пристаништето во Солун,Грција оддалечено 272 км.Освен патната мрежа, во Кичево е развиена и железничка мрежа која се реализира преку железничката линија Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје.

Според последниот пописот спроведен од ДЗС од 2021 година вкупно резидентно население е 39.669 жители, од кои мажи 20 014 и жени 19 655. Вкупно работно способно население е 33.740, а активно население е 15.680. Вкупно активно население – вработени се 12.050, додека вкупно активно население невработени се 3.630. Вкупно неактивно насление е 17.217, а непознато вкупен број се 843. (извор: Државен Завод за статистика-ДЗС).

Кичевскиот регион изобилува со природни ресурси, кои претставуваат основа за одржлив економски развој: шуми, пасишта, обработливо земјиште, вода (изворот Студенчица) како и хидро-потенцијалот на реките во регионот, рудни богатства (железо,лигнит, манган и мермер) итн. Во регионот има богати ресурси на железна руда. Најголем дел се лоцирани кај селото Тајмиштакаде што има рудник за експлотација. РЕК Осломеј ги експлоатира ресурсите од лигнит највеќе во атарот на село Осломеј. Планината Стогово е богата со манган, а маермерот е најзастапен во лакалитетот на село Цер, Миокази, Бигор Доленци.

Со овој проект на УСАИД и со стратегијата на општина Кичево, сметаме дека општинската администрација значително ќе ги зајакне капацитетите, ќе доведе до зголемување на приходите од сопствени извори, зголемен пристап до надворешно финансирање, зголемено ниво на извршување на буџетот на ЕЛС и подобрување на бизнис климата, како и одржлив економски развој за подобар квалитетен живот во заедницата.

# 4. Анализа на локалната економија

## 4.1 Анализа на локалната економска структура

Општина Кичево е една од поголемите општини во Југозападниот регион, според последниот попис од 2021 година вкупно резидентно население е 39.669 жители од кои мажи се 20.014, жени 19.655 што е помалку од пописот од 2001 година, кога вкупното население изнесува 57.107жители. Во моментот пазарот на труд во Југозападниот регион е умерено неповолен; регионот има трета (По Североисточниот регион (33 проценти) и Полошкиот регион (28,5 проценти)) по висина стапка на невработеност и трета (По Југоисточниот (63,3 проценти)) одзади стапка на вработеност и четврта стапка на активност воспоредба со другите седум региони. Во 2019 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 24,4 проценти (26,4 проценти за жени и 23,1 проценти за мажи), стапката на вработеност е 43,1 проценти, и стапката на активност е 57 проценти. Умерено неповолниот тренд се одразува и врз просечната бруто-плата со 33.099 денари (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (41 проценти), потоа се невработените со 50 и повеќе години (33 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (26 проценти) веројатно се должи 48 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (извор Агенција за вработување на Република Северна Македонија).

Подолу во табелата се прикажани компаниите од приватниот сектор во регионот Кичево. Можеме да видиме дека најмногу компании се од микро и мали, додека средни се 11 и само 5 големи компании.

| ***Вид на економска активност*** | ***Број и % на компании (според класификација)*** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
| **Број на компании** | ***1637*** | ***469*** | ***11*** | ***5*** |
| *Индустриско производство* | 83 | 3 | | |
| *Земјоделство* | 25 | 9 | | |
| *Трговија и производство* | 609 | 151 | 8 | 4 |
| *Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, маркетинг, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста)* | 22 | 6 | | |
| *Општи дејности на јавна управа (општина)* | | | | 1 |
| *Финансиски услуги* | 44 | 1 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Медицински услуги (болници, медицинска пракса, стоматолошка пракса, аптеки)* | 72 | 28 | 1 | |
| *Правни услуги (судски, нотари, адвокати, извршители, преведувачи)* | 56 | 9 | | |
| *Услуги за населението (фризерници, поправки, поставување на опрема, перални, сервиси, малтерисување, услужни дејности итн.)* | 260 | 17 | | |
| *Ресторани, кафулиња, барови итн.* | 95 | 9 | | |
| *Хотели, хостели, итн.* | 4 | 2 | | |
| *Образование-едукација* | 5 | 13 | | |
| *Организации* | 104 | 124 | | |
| *Спортски дејности, клубови* | 33 | 35 | | |
| *ИТ услуги* | 12 | 1 | | |
| *Транспорт* | 77 | 20 | | |
| *Градежништво* | 80 | 24 | | |
| *Комуникациски услуги* | 4 | 2 | | |
| *Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, радиа, телевизиска програма)* | 22 | 2 | | |
| *Управувањее со отпад и снабдување со вода* | 4 | 1 | 2 | |
| *Туризам* | 5 | | | |
| *Културни дејности (музеи, објекти за култруни манифестации, уметнички друштва итн)* | 9 | 12 | | |
| ***Вкупно фирми во Кичевскиот регион*** | **2122** | | | |
| ***Подружници:   641 фирми*** <br><br> ****вкупно*** **641 правни субјекти** од други општина имаат подружници на подрачјето на опшштина Кичево, но Централен регистар нема податоци за тоа кои од овие правни субјекти според класификација се микро, мали, средни и големи копмании. | | | | |
| ***Вкупно со се подружници*** | **2763** | | | |

Извор на податоците за фирмите на територијата на Кичево се од Централен регистер на Република Северна Македонија врз основа на податоците со кои располага Централен регистар за сите правни субјекти и подружници на територијата на општина Кичево, како и правни субјекти од други општини кои имаат подружници на подрачјето на општина Кичево со податоците за нив заклучно со 15.11.2023 година.

Најефикасна фирма е од автомобилската индустрија со производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила според нејзиниот профит и годишен обрт.Џојсон Сејфти Системс е светски лидер во дизајн, развој и производство на автомобилски сигурносни-критични компоненти и системи, вклучувајќи и механизми за надувување, воздушни перничиња, волани и сигурносни појаси. Производите на ЏСС се дел од повеќе од 300 модели на автомобили произведени од страна на повеќе од 60 високо-диверзифицирани клиенти низ целиот свет. ЏСС е со седиште во Мичиген, САД со меѓународна мрежа од 29 продажни, проектантски и производствени капацитети кои вработуваат околу 9000 луѓе низ целиот свет. Компанијата има 5 главни технички центри лицирани во САД, Германија, Кина, Јапонија и Јужна Кореа. Компанијата Џојсон Сефти Системс во производство на автомобилски делови за моторни возила и е една од најуспешните комании во Македонија. Компанија во полето на производство и трговија, градежни компании и услужни дејности.Атва Груп ланец од маркети, ресторани, Трговско друштво за производство трговија и услуги ИНСТАЛАЦИЈА увоз-извоз Исмаил ДООЕЛ с. Д. Дол Зајас, АС сењак, Линди итн. Гледано по сектори можеме да констатираме дека секторот за снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е во пораст, банкарскиот и медицинскиот сектор, а исто така и секторот за градежништво е во пораст бидејќи во регионот Кичевево се изградуваат нови станбени згради, патна инфраструктура итн. Додека опаѓања следи во преработувачката индустрија и земјоделството.

Според дефинитивните податоци на Државниот завод за статистика, во 2021 година, најголемо учество во бруто-домашниот производ на Република Северна Македонија има Скопскиот Регион со 44.1 %, додека најмало учествоима Североисточниот Регион со 4.8 %.

Поголем бруто-домашен производ по жител, во споредба со просекот на Република Северна Македонија, имаатСкопскиот Регион со индекс 133.4, Југоисточниот Регион со индекс 105.5, Вардарскиот Регион со индекс 103.4 и Источниот Регион со индекс 101.4. Сите други региони имаат бруто-домашен производ под просекот на Република Северна Македонија.

Општина Кичево е во југозападниот плански регион и според податоците на Државен завод за статисктика во 2021 година БДП во овај регион е 63.294 во милиони денари, додека БДП по жител 356.791 изразени во денари, а пак структурата на БДП изнесува 8,7, а Бруто-домашен производ по жител МК = 100 изнесува 89,8. Во однос на

бруто-инвестиции во основни средства по региони, во 2021 година, во Република Северна Македонија се реализирани 171 094 милиони денари инвестиции во основни средства, што е за 17.1 % повеќе  во однос на 2020 година. Најголемо учество во вкупните бруто-инвестиции во основни средства во 2021 година и понатаму има Скопскиот Регион со 55.7 %, додека најмало е учеството на Североисточниот Регион со 4.3 %.

Споредено со 2020 година, пораст на инвестициите во основни средства е забележан во Полошкиот Регион (40.5%), Пелагонискиот Регион (39.4 %),Скопскиот Регион (28.3 %),Југоисточниот Регион(12.0 %) и Североисточниот регион (9.5%).Намалување на инвестициите во основни средства е забележано во Југозападниот (22.0%), Вардарскиот Регион (12.9 %) и во Источниот Регион(1.0 %).

Во второто тримесечје од 2023 година, поголем пораст е забележан во секторите Е, Ж и З - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна од 7.6 % и Финансиски дејности и дејности на осигурување од 5.0 %. Финалната потрошувачка на домаќинствата вклучувајќи ги непрофитните институции кои им служат на домаќинствата, во второто тримесечје од 2023 година, номинално расте за 9.9 %, а нејзиното учество во структурата на брутодомашниот производ изнесува 73.9 %. Во истиот период, извозот на стоки и на услуги номинално е зголемен за 2.6 %, а увозот на стоки и на услуги забележа намалување во номинален износ од 3.0 %.

| **Т-01: Бруто-домашен производ по региони, 2021 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **T-01: Gross domestic product, by regions, 2021** | | | | | |
| | Бруто-домашен производ (во милиони денари) | Бруто-домашен производ по жител (во денари) | Структура на бруто-домашниот производ | Бруто-домашен производ по жител МК = 100 | |
| **Република Северна Македонија** | **729 445** | **397 147** | **100,0** | **100,0** | **Republic of North Macedonia** |
| Вардарски | 56 947 | 410 511 | 7,8 | 103,4 | Vardar |
| Источен | 60 522 | 402 853 | 8,3 | 101,4 | East |
| Југозападен | 63 294 | 356 791 | 8,7 | 89,8 | Southwest |
| Југоисточен | 62 201 | 419 181 | 8,5 | 105,5 | Southeast |
| Пелагониски | 76 596 | 363 995 | 10,5 | 91,7 | Pelagonia |
| Полошки | 53 139 | 211 245 | 7,3 | 53,2 | Polog |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Североисточен | 35 053 | 229 134 | 4,8 | 57,7 | Northeast |
| Скопски | 321 692 | 529 964 | 44,1 | 133,4 | Skopje |

*Извор- ДЗС на РСМ

## 4.2 Локална соработка и вмрежување

Со цел подобрување на бизнис климата на локално ниво како и подобрување на комуникацијата со приватниот сектор во Општина Кичево формиран е Локален економски социјален совет во кој партнерски членуваат Општина Кичево, Сојуз на синдикати, Организација на работодавачи, Регионалната бизнис комора Кичево, претставници на АВРМ, центар за социјални работи, образовни институции, јавни институции, младински совет и други засегнати и заинтересирани страни. Целта на ова советодавно тело е да поттикне соработка за стратешки прашања за локален економски и одржлив развој на општината, утврдување развојни и структурни приоритети, привлекување на домашен и странски капитал, насоки за водење на локална економска политикаи поволна средина за развој на бизнисот, подобрување на протокот на информации, услугите за бизнисите како и некои административни процедури, градење партнерства со регионални, национални и меѓународни субјекти. Локалниот економско-социјален совет на Општина Кичево разгледува прашања, дава мислења, предлози и препораки до Советот на Општината и други органи.

Редовно, градоначалникот и општинската администрација одржуваат средби со граѓаните, граѓанските здруженија и стопанството со цел подобрување на општинските услуги, подобрување на условите за водење на бизнис, имиџот на општината како погодно место за водење бизнис и квалитетно живеење. Средбите со бизнис секторот се одвиваат индивидуално и често на барање на самите бизниси.

Формиран е Лаг “Трерска” за општините Кичево, Пласница и Македонски Брод, со претставници и кои го подржуваат руралниот развој на територијата на општините кои го формираат овај ЛАГ.

Со Центар за регионален развој на југозападниот плански регион имаме одлична соработка, каде наши претставници од одделението ЛЕР учествуваат во изработка на програмата, на проектни фишеа и имплементација на проекти од Биро за рамномерен развој.

Исто така, општина Кичево активно учествува во меѓународна, регионална и меѓуопштинска соработка. Во ИПА меѓугранична соработка со општини од Грција, и заедничка имплементација на проектите, како и вклучување на бизнис секторот за промоција и можности, на локални производи и нивна соработка, изработен водич за

инвестиции , учество на Саем. Учествуваме и во Балкан МЕД програмата и имплементацијата на проект за меѓугранична соработка со повеќе држави и обуки за претрпеимиштво и стартапи за млади во рамки на проект.

Општината се вмрежува со други општини, институции и субјекти заради имплементација на најразлични проекти. Подршка на МСП и НВО преку програма за развој на ЛЕР од страна на Општина Кичево и постоење на функционална регионална стопанска комора во Кичево со која е потпишан Меморандум за соработка, подршка и имплементација на проекти.

Слаба страна е лоциравме во недостаток на иницијативи за свикување на седници на постојни тела и одржување на континуитетна работата на истите , недоволен број на организирани средби помеѓу бизнис секторот и градоначалникот и одржување на редовни состаноци и слаб учинок на бизнис секторот од локалната економија и иницијативи за здружување со општината и други институции во реализција на проекти.

### 4.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Локалната самоуправа градоначалникот, советниците, стручните служби во секојдневното работење остваруваат редовни контакти со граѓаните, граѓанските организации и стопанството се практикува отчетност и транспарентност преку информирање на електронските медиуми и социјални мрежи и одржување на седници на Советот отворени за јавноста. Седниците на Совет се отворени за јавноста, а дневните редови, записниците и одлуките кои произлегуваат од овие седници се поставени на веб страната на општината. Информациите поврзани со дневниот ред и одлуките на истите се објавуваат и на социјалните мрежи. Сите тендерски постапки организирани од страна општинската администрација се објавени на електронски систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk/) и на отворањето на понудите може да учествува секоја заинтересирана страна. Исто така сите планирани активности, огласи, склучени и реализирани договори се објавени на веб страната на општината, а заинтересираните фирми може да добијат информации за објавените тендери од соодветните службеници.

Во однос на транспарентност и борба против корупција, општината редовно ги објавува своите финансиски извештаи, буџет, завршни сметки, јавни набавки, годишни планови, соопштенија за јавна презентација и јавни анкети на општинската веб страна така што сите релевантни информации се на располагање на приватниот сектор како и другите чинители во општеството.

Општина Кичево како слаба страна е тоа што има потреба од создавање на електронски билтен за повеќе информации и да се подобри комуникацијата со стопанствениците и да се обезбедат навреме информациите. Непостоење на програма за

претприемачи врз база на соодветна  анализа на потребите во заедницата, и финансиска поддршка за основање и почеток на нов бизнис и отварање на фирма Недоволна поддршка од бизнис секторот за практикантсво и преквалификација на работна сила на пазарот на трудот и обука на нови работодавци. Недоволно иницијативи од бизнисот за соработка со општината и други релевантни институции за реализација на проекти. Информацииите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот се нередовни и не можат да се најдат на веб-страницата на општината. Недоволно информации и застареност на веб сајтот и обезбедување на повеќе информации за бизнисот и негова подршката. Слаб интерес за инвестиции кај младите, слаб капацитет за искористување на субвенции и мерки кај повозрасните луге во руралните средини. Информации за меѓународни и национални програми и соработка и промоција од агенции и здруженија,

### 4.4 Пристап до финансии

Општина Кичево има општински гарантен фонд за поддршка на стартапи преку Програмата за поддршка на локалниот економски развој, наменети за невработени лица до 48 години кои сакаат да започнат стартап бизнис и за фирми и невработени лица, кај кои се субвенционира ново работно место во постојна фирма.

Во општина Кичево не постои единствена централна база на информации за целосната моменталната понуда на извори на финансирање за мали и средни бизниси, а истите во моментот се ограничени и недоволни. Во интерес на развој на деловната заедница, како начини за искористување на фондовите, се наведуваат дел од расположливите можности: Европските фондови и европски програми, ЕРАЗМУС+, ХОРИЗОНТ  ЕВРОПА, КОСМЕ, ПРОГРЕС +, Лајф +, ИПА Програмата, ИНТЕРЕГ , Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП, Германското друштво за меѓународна соработка - ГИЗ, SWG – Постојана работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа, Агенцијата за меѓународен развој на САД – УСАИД преку големиот број на програми, мерки и проекти,  Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC).

Во однос на банки во регионот на општина ги имаме: Комерцијална банка, НЛБ Банка, Стопанскабанка, ТТК Банка, Уни Банка, Халкбанк, Шпаркасе, додека од меѓународните банки и фондови се: Европската банка за обнова и развој, WEBSEFF – Одржлива институција за финансирање на Западен Балкан, GEFF Кредити за финансирање на зелената економија, Европската инвестициона банка – EIB, Светска Банка. Ова покажува дека, моменталната понуда на банките во општина Кичево, дава пристап до финансиски ресурси за широк обем на дејности, а максималната сума која ја нудат банките е солидна, но не постои локална поддршка за пристап до финансиски ресурси во вид на субвенција на учеството за кредити или општинска гарантна шема.

Националните програми за поддршка на малите и средни претпријатија, се застапени преку разни дејности: конкурентност, иновации, претприемништво, земјоделство и рурален развој и друго. Истите, главно се реализираат преку јавни повици на: Министерството за економија, Министерството за финансии, Законот за финансиска поддршка на инвестиции, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Програмата за самовработување, Развојната банка и другите банки.

Тоа што општината е важно да го направи во следниот период, е да обезбеди пристап до сите информации за искористување на финансиските можности за заинтересираните субјекти, да ја зголеми комуникацијата со бизнис заедницата и да овозможи нејзина советодавна поддршка во случаите кога тоа е потребно.

### 4.5 Земјиште и инфраструктура

Кичевската котлина поседува 12251 ха површина, ораници и бавчи 6923 ха, овоштарници 78 ха, лозја 10 ха, ливади 4540 ха, пасишта 15151 ха. Шумската површина е 51346 ха и е најбогат регион во Македонија.







Индустриска зона во месноста ИВАНИ ДОЛ, ставена во функција за мало стопанство, изградени се хали и функционираат околу 20 фирми (“Тим Инженеринг” ДООЕЛ, “Еуро-Фикс” ДООЕЛ, ”Нора Компани”, ”Дар Хрис” ДПУУТ и други.) и нема простор за ширење.

ТИРЗ - изградена зона во која функционира ЈСС за производство на воздушни перничиња.Во најава е нова инвестиција во ТИРЗ  за прва половина на 2024 година за производство на акумулатори која ке апсорбира нови вработувања

ТИРЗ Кичево имадве побршини и тоа: Опфат 1 е составен од три блока на површина од 135.000 m 2 (Блок 1 – 18592 m 2 Една градежна парцела 9000 m 2, Блок 2 – 20174 m 2, Две градежни парцели на површина од 11600 m 2, Блок 3 – 96210 m 2, Шест градежни парцели на површина од 62175 m 2) и Опфат 2 е составен од четири блока на површина од 160.600 m 2 Блок 1 – 16464 m 2, Две градежни парцели на површина од 10000 m 2, Блок 2 – 28761 m 2, Една градежна парцела од 12365 m 2 и Блок 3 – 57979 m 2, Две градежни парцели на површина од 37300 m 2 и Блок 4 – 36496 m 2, Две градежни парцели на површина од 36495 m2.

Општината како институција има нова  општинска зграда, старите простории ќе може да се искористат како бизнис инкубатор, доколку има интерес за истото, или ќе се доделат до НВО, јавни институции итн. Регионалната стопанска комора и неколку здруженија користат веќе општински простории за нивната работа. Општината располага и со мултимедијален центар за користење на Бизнис сектор, НВО и др., за јавни настани, обуки, манифестации итн.

Како слаба страна е тоа што не постои нов простор за зона за мало стопанство согласно потребите на повратниците кои се заинтересирани за инвестиции и недоволен простор/канцеларии и идеја за нивно ставање во функција која ќе носи бенефит.

### 4.6 Регулаторна и институционална рамка

Најголемите проблеми на кои се жали бизнис секторот во однос на регулаторната и институционалната рамка се однесуваат на долгите бирократски процеси и административни бариери кои го попречуваат брзото и навремено постапување. Недостатокот на дигитализирани услуги во сите институции го нагласуваат како еден од сериозните проблеми.

Проблемот со процедурите во институциите е нешто кое постои одамна и сеуште не е решено, иако се прават напори овие процедури да се олеснат. Покрај тоа, недовербата која жителите, а особено приватниот бизнис сектор ја има во институциите, е нешто кое го актуелизира овој проблем и гради дополнителни бариери.

| **Постоечки регулаторни предизвици (според приватниот сектор)** | **Големо/ мало негативно влијание** | **Главна јавна институција инволвирана** | **Опис на обем на локално решавање на проблемот** (детали) |
|---|---|---|---|
| Спори процедури за добивање на одобренија за градба, особено доколку зависат од одобренија и од други инволвирани институции, како и спори процедури за добивање на одобренија за измена на урбанистички планови | *големо* | *Општина Кичево*<br><br>*Министерства за животна средина , сектор пасишта,*<br><br>*Управа за заштита на културно наследство* | *Забрзување на процедурите за добивање на одобрување на градба или добивање на одобренија при реализација на проекти во кој се потребни одобренија од соодветни институции или управи, како и измена и дополна на планови, преку дигитализација и воведување на соодветни алатки и апликации од страна на посочените институции* |
| Спора процедура и одење лично до одредени институции заради завршување на предмети. | *големо* | *Министерство за животна средина, - Дирекција за пасишта,Управа за заштита на културно наследство итн.*<br><br>*Општина кичево* | *Недостатокот на дигитализирани услуги во сите институции го нагласуваат како еден од сериозните проблеми* |
| Иако општината формираше општински сервисен центар, сепак движењето на документите меѓу одделенијата е во печатена, а не во електронска форма. | *мало* | *Општина Кичево* | *Дигитализација – соодветна примена на постојната апликација или инсталирање на нова согласно потребите, заради брзо добивање на соодветната потребна документација во корист на странките* |
| Можност за намалени локални даноци и такси за почетни бизниси, за што би можел да одлучи општинскиот совет | *мало* | *Општина Кичево* | *Донесување на одлука од Советот на Општина Кичево во согласност со постојните законски регулативи* |

Во овој поглед, бизнис секторот сугерира на подобра координација со соодветните надлежни институции.

### 4.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност

Општина Кичево има направено анализа на пазарот на трудот, според тоа се присутни недостиг од генерирање работни места, пониска квалификација и недостиг од работна сила со средни вештини. На секој побаран работник со основно образование за Југозападниот регион, општина Кичево има по 11 невработени лица, за средно и за вишо образование овој сооднос е 1,2, а за високо е 7,5. Поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата со високи вештини: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Кај сите други занимања, каде што се појавуваат суфицитарни јазови, тие исчезнуваат или се трансформираат во дефицитарни со зголемување на образованието. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Образовните институции во општина Кичево имаат потреба од значајно реструктуирање за да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања, а дел од нив дополнително ги продлабочуваат кај суфицитарните занимања со интензивно и масовно продуцирање суфицитарни профили.

Идентификувана е потреба образовните институции, во соработка со МОН, да работат на промена на образовните програми и профили и на воспоставување програми со дефицитарните занимања, соодветни на потребите на пазарот на трудот и континуирано да се посветат на зголемување на атрактивноста и квотите за нив. Потребно е синхронизирано дејствување помеѓу Центрите за квалификација и за преквалификација, АВРСМ, Центарот за вработување, Деловната заедница и општината, во изработката и реализацијата на прецизен инклузивен Акциски план, кој што ќе биде со мерливи индикатори, ефективен и ефикасен.

Можни полиња на делување се градење капацитети и обуки во бизнис секторот, поширока дискусија помеѓу бизнис секторот, образовните институции, општината, невладиот сектор и други јавни институции за потребните вештини и барањата на пазарот на трудот, поголема и кординирана соработка со соодветни средни училишта и факултети, воведување на дуално образование во средните школи, организирање на соодветни курсеви и обуки, создавање на услови за работа во општината на познати ИТ брендови кој нудат добри услуги, субвенционирање на младите кој нудат ИТ услуги. Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот, особено со странските инвеститори во општина Кичево, вклучително со пилот-проект за дуално образование на две до три занимања (во линија со стратегијата на Министерство за образование и наука). Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Кичево и според

потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично). Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд.

Во Општина Кичево има три градинки, девет основни училишта, две средни училишта, и три високо образовни институции: Работнички универзитет “Крсте Петков Мисирков”,Правен факултет и Технолошко технички факултет.

Како слаба страна се наведува дека не постои координација меѓу општината, бизнис заедницата, образовните и обучувачките институции. Некои бизниси иницираат обуки само за нивните потреби, но не заедно со други бизниси од истиот сектор. Стручно образование кои ги бара пазарот на трудот: неквалификуванна работна сила, слабо достапен кадар, (инжинери, архитекти) како административен така и работна, недостаток на квалитетна работна сила, конобари, шанкери, кувари, поради мигртација во други држави за подобра плата, особено во Хрватска за време на летен период.

### 4.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Општина Кичево има централно положба во југозападниот дел на Република Северна Македонија, со развиена патна и железничка инфраструктура, во близина на два аеродроми и за помалку од 3 часа оддалечен од пристаништата од Драч и Солун. Кичевскиот регион изобилува со природни ресурси, кои претставуваат основа за одржлив економски развој: шуми, пасишта, обработливо земјиште, вода (изворот Студенчица) како и хидро-потенцијалот на реките во регионот, рудни богатства (железо,лигнит, манган и мермер) итн. Во регионот има богати ресурси на железна руда. Најголем дел се лоцирани кај селото Тајмишта каде што има рудник за експлотација. РЕК Осломеј ги експлоатира ресурсите од лигнит највеќе во атарот на село Осломеј. Планината Стогово е богата со манган, а маермерот е најзастапен во лакалитетот на село Цер, Миокази, Бигор Доленци.

Во општина Кичево изградена е мала хидроцентрала. Наменета е за водоснабдување на повеќе од 160.000 жители и предвидено е да произведува 2,5 GWh електрична енергија годишно. Кичевската котлина посдува 12251 ха површина, ораници и бавчи 6923 ха, овоштарници 78 ха, лозја 10 ха, ливади 4540 ха, пасишта 15151 ха. Земјоделството со вклучување на сточатство, рибарство, лов, пчеларство и шумарство е трет по големина сектор со учество во БДП, во однос на услугите и индустријата.

На подрачјето на кичевската котлина има искучително вредни споменици од материјалната култура кои потсетуваат на минатото и создаваат услови за подигнување на туристичка понуда на повисоко ниво.

Од нив можеме да ги издвоиме : тврдината Китино Кале која е археолошки локалитет, Храмот “Свети Петар и Павле”, манастирот “Света БОгородица Пречиста” кој датира од 1316 година и е храм за сите верници, манастирот “Свети Ѓорѓија”, постојат повеќе муслимански верски објекти – теќии и џамии на кичевската котлина, музеј на Западна Македонија и ред други културни манифестации, меѓународни фестивали, концерти, ликовни колонии, театарски претстави и сл. Во с.Вранештица се наоѓа исоп на глина и е едно од најпознатите села во земјава по изработката на глинени садови. Таму повеќе од 1000 години се прават грнења од глината за која жителите од селото велат дека ја има во изобилство. Шумската површина е 51346 ха и е најбогат регион во Македонија. Ова е предуслов на голем развој на шумарството и дрвната индустрија и голем предуслов за развој на ловот во Кичевската котлина, како и пчеларската индусрија. Над педесетина производители на мед, произведуваат богата палета од пчелни продукти и препарати на база од мед. Кичевската котлина е релативно богата со вода и многу бројни речни водоеци : Треска, Студенчица, Беличка, Туинска, Ехлоечка, Церска, Рабетинска, Бачишка, Тајмишка и Грешничка река.

Општината вложува во реализација на нова или реконструкција на постојната инфратсруктура- паркот Китино Кале, гимазија, училишта спортски објекти и сали, нова општинска зграда итн.

Општината е перцепцирана од страна на нејзините жители во следниве активности: нема препознатливи мерки за подршка на бизнис заедницата, подобрување на деловното опкружување како и квалитетот на живеење , особено од аспект на културни збиднувања и здравствените капацитети иако не се во надлежност на општината како институција, следно е дека нема квалитетен живот од аспект на збиднувања или содржини кои би привлекувале и домашни ни странски посетители, нема јасно дефинирани цели за иселениците кои сакаат да инвестираат, јавната чистота и грижата за животната средина е на ниско ниво, и слаба промоција на алтернативенните можности за инвестиции во туризам ,слаба промоција на локални производи – нема програма и стратегија за туризам, нема јасно видливи и означени места за посета на значајни места и локалитети.

Како слаба страна е недоволна промоција на туризмот – не постои дефинирана стартегија за развој на туризмот со сите негови компоненти и вмрежување на различни чинители особено иселениците за нивно вложување во проекти од најразличен карактер.

## 5. SWOT Анализа

СВОТ анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во некој проект или бизнис. Тоа вклучува одредување на целта на бизнис потфатот или проектот и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта.

Подолу во табела е СВОТ анализата на општина Кичево:

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Добра географска локација од апсект на инфраструктурно поврзување( патна , авионска, железничка итн.)<br><br>• Природни ресурси, реки шуми и пасишта, општина Кичево е најбогата општина со шумско стопанство во државата- Со своите 51346 ха шумска површина, кичевскиот регион е најбогат во Р. Македонија. 2895 ха од нив се во приватна сопственост. ЈП „Македонски шуми”, подружница ШС „Лопушник”-Кичево поседува 48451 ха. Најрепрезентативни видови се буката и дабот.<br><br>• Регионална бизнис комора, активна и функционална со активни членки заинтересирани за соработка и развој<br><br>• Богато историско и културно наследство,Китино Кале, Манастир Пречиста Богородица, џамија Султан бајазит, Музеј на западна Македонија во НОВ , прво училиште на македонски јазик во с.Подвис итн.<br><br>• Пречистителна станица, која го опфаќа и ТИРЗОТ како индустриска зона<br><br>• Услови за инвестиции во Индустриската зона за мало стопанство, во преостанатите парцели | • Одлевање на стручниот кадар,особено од ИТ сектор и хотелиерство, во последните две години во Германија и Хрватска<br>• Висок процент на миграција на младите, 48 % согласно последните показатели и истражувања согласно последниот попис.<br>• Виљанија, особено од политички карактер ,врз тендерските процеси и добивање на работа во јавниот сектор<br>• Неискористеност на природните ресурси како економски потенцијали<br>• Слаб интерес за старт -ап и претприемништво, поради недостиg на млад кадар<br>• Недостиг на работен кадар во одреден сектор, особено во хотелиерство, градежништво<br>• Немање на јасно дефинирана стратегија за развој на туризмот и руралниот развој<br>• Миграција село – град, со што се намалуваат можностите за рурален развој и зголемува депопулацијата<br>• Недоволна системска грижа и средства за промоција на културно- историското наследство |

| | |
|---|---|
| • Поволни климатски услови за одредени земјоделски култури, особено градинарство<br>• Активни субјекти од бизнис секторот: Автомобилска индустрија, Градежништво, Трговија и производство,итн.<br>• Природни места со услови за равој на алтернативниот туризам – Бистра, Дарда, Кнежино, Арљец, Љигата итн (монти бајк, планинарење, лов и риболов итн.) | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Капиталот на иселениците и нивниот интерес за инвсестиции во општината<br>• Инвестиции во ТИРЗ , во зоните кои се уште немаат инвеститори.<br>• Искористување на природните ресурси поради трендот на инвестиции и побарувања здрава храна (печурки, шумско овошје), лов и риболов.<br>• Инвестиции во Културно историските споменици и наследства од аспект на туризмот и зголемување на приходи<br>• Отворени програми, фондови од ЕУ, меѓународни, ИПА меѓугранични програми, ИПАРД програми, програми за рурален развој, старт апи итн.<br>• Програмата за поддршка на мсп и кадар при Трансформација на Рек Осломеј на алтернативни начини на производство на енергија | • Висока Корупција и бирократски процедури во споредба со други региони или општини од аспект на инвестиции<br>• Негативен демографски развој , миграција на млади и стручни кадри поради условите за живот и егзистенција.<br>• Несоодветно управување со природните ресурси во правец на нивно ефективно искористување.<br>• Економска и енргетска криза на државно ниво со рефлексија врз заедницата<br>• Несоодветно стручно образование, согласнно потребите на пазарот на трудот и локалната економија.<br>• Трансформација на Рек Осломеј на алтернативни извори на производство на енергија, без паралелно ублажување на последиците од истата(вработувања и финансии кои флуктуираат во заедницата). |

## 6. Визија и стратешки цели

**Визија:**

Кичево, еколошки чист, економски и инфраструктурно развиен град, туристички атрактивно место со мултикултурни вредности и одржливо управување со постојните ресурси.

**Стратешки цели:**

СЦ 1 - Да се влијае кон подобрување на инфраструктурниот развој и животната средина преку реконструкција на постојната и инвестирање во нова.

СЦ 2 – Да се влијае кон зголемување на економскиот раст во општината преку креирање на поволна бизнис клима и деловно опкружување.

СЦ 3 - Да се влијае кон зголемување на приходите во општината преку развој и промоцијата на туристичките можности и потенцијали

## 7. Акциски план

Заради остварување на стратешките цели на општина Кичево, идентификувани се следните активности, дадени во табелата подолу.

Секоја од активностите е поврзана со соодветна стратешка цел кон која придонесува (колона 2), како и со соодветниот градежен блок, според методологијата на ЛЕР стратегијата (колона 1). Покрај тоа, во акцискиот план дадени се предвидените активности, нивното очекувано времетраење, очекуваните резултати (колона 7) и индикатори за мерење на реализираните активности, односно мониторинг индикатори (колона 8).

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Земјиште иинфраструктура<br><br>2.Локална соработка и Вмрежување<br><br>3. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција | **1.Подобрување на инфраструктурниот развој и животната средина** | 1.Поставување на<br><br>фотоволтаици на 7<br><br>училишта и објективо општината со капацитет од 250 кw | 2024-2027 | Општина, Влада. Надлежни министерства, /институции.<br><br>Домашни и странски донатори | 15.300.000 | Поставени фотоволтаици на 7 објекти на училишта и институции<br><br>Заштеда на електрична енергија, заштита на животната средина, намалување на емисија на штетни гасови | Број на склучени Договори за набавка на фотоволтаици<br><br>Записник од технички прием на набавката<br><br>Записник од пуштање во употреба на фотоволтаици во објектите |
| | | 2.Изработка на инфо база на згради и студија за потребите од енергетска ефикасност<br><br>3.Реконструкција на фасада на 1 колективна зграда воцентрално градско подрачје-Проект<br><br>„Енергетски ефикасни домови“ | 2024- 2025<br><br>2025-2027 | Општина Кичево, Бизнис заедница , градежен сектор<br><br>Општина Кичево, Комерцијални банки, Бизнис заедница , Донатори, Програма за зелена транзиција | 306.000<br><br>1.836.000 | Изработена на база на згради со потреби за енергетска ефикасност<br><br>Достапност на инфо за можности за финансирање во енергетска ефикасност<br><br>Подобрена енергетска ефикасност на 1 колективна стамбена зграда<br><br>Заштеда на електрична енергија | Број на посети на инфо базата<br><br>Број на изработени проекти. Број на склучени договори за субвенционирање<br><br>Број на кредитни линии искористени од станари во згради<br><br>Склучен Договор со заедница на станари / правен субјект<br><br>Исплата на средства од буџет на општина/комерцијална банка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Локална соработка и Вмрежување<br><br>2. Бизнис опкружување, транспарентнос и администрацијабез корупција<br><br>2. Надворешно позиционирање и маркетинг | **2.Зголемен економски раст во општината преку креирање на поволна бизнис клима и деловно опкружување.** | 1. Асфалтирање на улиците -4556 м и поставување на улично осветлување -25 бандери во Индустриска зона за мало стопанство ИВАНИДОЛ<br><br>2. Организирање на обуки за преквалификаци /доквалификација според потребите на пазарот на трудот како и за адаптација по спроведување на Зелена транзиција на РЕК Осломеј | 2024-2026<br><br>2024-2028 | Општина Кичево,<br><br>Влада на РСМ<br><br>Општина Кичево, ТИРЗ КИчево. Агенција за вработување, надлежни министерства, Банки и донатори | 70.000.000<br><br>1.000.000 | Асфалтирани пристапни улици до халите во зона з за мало стопанство ИВАНИДОЛ, поставено улично осветлување во зоната<br><br>Обучен кадар спремен за работа согласно потребите на локалната економија, | Склучен Договр со изведувач на работите/асфалирање, поставување на улично осветлување<br><br>Број на километри кои се асфалтирани/Број на ново поставени улични бандери за осветлување<br><br>Број на нови вработување во постојни фирми , број на обучен кадар, број на пројавени потреби од работни местаод страна на МСП , број на евидентирани активни и пасивни баратели на работа |
| | | 3. Организација<br><br>на Саем за кариера и Бизнис форум Промоција наусловите за инвестирање и вмрежување на инвеститори“ | 2024-2028 | Општина и<br><br>Регионална Бизнис Комора | 367.200 | Организиран Саем и Форум, секоја година | Број вклучени фирми, број на на излагачи, број на учесници. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4.Креирање на општински Фонд за подршка за нови стартапи и вработувања во постојни фирми | 2024-2028 | Општина Кичево,<br><br>Бизнис сектор, потенцијален донатор. | 4.284.000 | Креиран фонд со здружување на финансиски средства на општината и бизнис заедницата, Достапност на финансии за отпочнување на бизнис, Влијание кон намалувањена одлив на млад кадар, влијание кон намалување на миграција и депопулација | Број на нововработени преку старт ап програми<br><br>Број на ново отворени фирми на годишно ниво<br><br>Број на барања за нови работни места во постојни фирми |
| | | 5.Изработка на алатка за fundrising и нејзино ставање во употреба | 2024-2025 | Општина Кичево<br><br>ИТ Сектор , Лер одделение | 120.000 | Изработена алатка за собирање на донации за реализација на проекти<br><br>Потранспарентка општина во реализација на проекти | Број на кликови на web на општина<br><br>Број на донатори кои донирале средства<br><br>Број на реализирани проекти |
| | | 6.Развојна дигитална инфраструктура и дигитални услуги | 2024-2026 | Општина Кичево | 600.000 | Развој на платформа за дигитални јавни услуги и услуги за бизнис секторот, поставување на точки забесплатен пристап доинтернет на јавни површини иобјекти ,развој на мобилниапликации за специфични услуги (бизнис, социјални итн) | Број на дигитални услуги, Број на точки со бесплатен пристап до интернет.<br><br>Број на корисници на дигитални јавни услуги. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Локална соработка и Вмрежување<br><br>2. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција<br><br>2. Надворешно позиционирање и маркетинг | **3.Зголемени приходи во општината преку развој и промоцијата на туристичките можности и потенцијали.** | 1. Изработка на маркетинг план за промоција на постојните функционслни туристички капацитети<br><br>2. Ставање во функција на Мултимедијалниот Центар и Ресторанот на Китино Кале | 2024-2025<br><br>2024-2028 | Општина Кичево<br><br>Општина Кичево, Бизнис сектор | 918.000<br><br>120.000 | Изработен план за промоција на туристичките капацитети на општината<br><br>Создаден функционален Центар за мултимедијални настани и отворен ресторан преку концесија/ ЈПП | Усвоен план од страна на Советот<br><br>Број на одржани семинари , работилници и презентации,број на домашни и надворешни посетители, број на директни и индиректни вработувања<br><br>Договор за издавање на ресторанот под концесија/ЈПП |
| | | 3. Организација на нови културни манифестации преку креирање на Проект - Кичевско културно лето | 2024-2028 | Општина Кичево,ЛЕР, Министерство за култура, Национални институции од културата,<br><br>Граѓански организации, Меѓународни фондови | 1.836.000 | Воспоставена манифестација- Кичевско Културно лето<br><br>Зголемување на културната понуда во градот | Број на организирани настани<br><br>Број на посетители/излагачи<br><br>Број на ноќевања во сместувачки и угостителски капацитети |

## 8. Финансиска рама

Во наредната табела подолу се идентификувани можните извори на финансирање на секоја од претходно наведените активности. Нивното финансирање ќе биде со средства од Општина Кичево, Влада на РСМ, национални програми, но и со европски програми и фондови од странство.

| Активности | Предвидени трошоци | Извори на финансирање | | | | | Непокриени трошоци | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Национални програми | Локален буџет | Приватен сектор | Донатори | Други | | |
| 1.1 Поставување на фотоволтаици на 7 училишта и објективо општината со капацитет од 250 кw | 15.300.000 | 12.240.000 | 3.060.000 | | | | | Со ко-финансирање (80%) од националните програми и 20% од локален буџет |
| 1.2 Изработка на инфо база на згради и студија за потребите од енергетска ефикасност | 306.000 | | 306.000 | | | | | Средства предвидени од локалниот буџет |
| 1.3 Реконструкција на фасада на 1 колективна зграда воцентрално градско подрачје-Проект „Енергетски ефикасни домови“ | 1.836.000 | | 1.468.800 | | 367.200 | | | Ко-финансирање 80% од локален буџет и 20% од донатори/куќен совет или др. |
| 2.1 Асфалтирање на улиците - 4556 м и поставување на улично осветлување -25 бандери во Индустриска зона за мало стопанство ИВАНИДОЛ | 70.000.000 | 42.000.000 | 28.000.000 | | | | | Со кофинансирање на Влада на РСМ од 60% и локален буџет од 40% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. 2 Организирање на обуки за преквалификаци/доквалификација според потребите на пазарот на трудот како и за адаптација по спроведување на Зелена транзиција на РЕК Осломеј | 1.000.000 | 500.000 | 500.000 | | | | | Кофинансирање од 50% на национални програми и 50% од локалниот буџет |
| 2.3 Организација на Саем за кариера и Бизнис форум Промоција на условите за инвестирање и вмрежување на инвеститори“ | 367.200 | | 367.200 | | | | | Локален буџет |
| 2.4. Креирање на општински Фонд за подршка за нови стартапи и вработувања во постојни фирми | 4.284.000 | | 2.570.400 | 1.713.600 | | | | Од локален буџет 60% и од бизнис сектор 40% |
| 2.5 Изработка на алатка за fundrising и нејзино ставање во употреба | 120.000 | | 120.000 | | | | | Локален буџет |
| 2.6 Развојна дигитална инфраструктура и дигитални услуги | 600.000 | | 600.000 | | | | | Локален буџет |
| 3.1 Организација на традиционални и нови културни манифестации | 918.000 | | 918.000 | | | | | Локален буџет |
| 3.2. Ставање во функција на Мултимедијалниот Центар и Ресторанот на Китино Кале | 120.000 | | 120.000 | | | | | Локален буџет |
| 3.3. Организација на нови културни манифестации преку креирање на Проект - Кичевско културно лето | 1.836.000 | 734.400 | 1.101.600 | | | | | Локален буџет од 60%, додека 40% од Национални програми |
| ***Вкупно*** | 96.687.200 | 55.474.000 | 39.132.000 | 1.713.600 | 367.200 | | | |

Изработиле:

**Дарко Белевски** – Раководител на Одделение за Локален Економски Развој на општина Кичево
Емаил: darkobelevski@yahoo.com
Тел. 075-212-526

**Дејан Илиоски** – Претседател на Локален Економски-социјален Совет на општина Кичево www.less.mk

www.kicevo.gov.mk